Драги **НЕДЕЛЧЕВСКИ**
Зоран **АНДОНОВ**

фотографии

# ДВА ПОГЛЕДА НА ДОКУМЕНТАРНАТА ФОТОГРАФИЈА

Тетово, јуни 2009

Иако би можело да се каже дека било која фотографија е документарна затоа што таа го покажува токму она што се наоѓа пред објективот на фотографската камера, документарниот жанр во фотографијата се базира на претпоставката дека фотографијата е пресликување на стварноста која се состои од факти, докази и вистина.

Но, да ли е навистина така?

На прв поглед фотографиите што Ви ги давам на увид совршено се вклопуваат во горенаведената дефиниција за документарната фотографија. Пред Вас е една галерија на ликови (фотографирани од “глава до петици“) сместени во својот природен животен и работен амбиент, сите фотографирани без интервенција на авторот.

Документарна фотографија.

Но сепак, овие исечоци од “стварноста“ (од нечии животи, ако сакате), поставуваат многу повеќе прашања отколку што нудат одговори. Зошто токму овие 20, а не некои други? Да ли погледот повеќе ми го привлекува ликот (човекот) или окружувањето (пребогато со детали и “факти“)? Да ли фактот што јас како автор на фотографиите лично сум поврзан со сите тие луѓе дава една сосема друга димензија на фотографијата и “документарноста“?

И, да ли тогаш документарната фотографија веднаш не се претвора во моја субјективна визија?

Јас немам конечен одговор на овие прашања. Еден момент сум убеден дека фотографииве се вистински одраз на стварноста (конкретни луѓе во конкретно окружување кое дава многу информации за нив). Веќе следниот момент ми навираат чувства врзани за сите нив кои се само мои (а сосема туѓи или непознати на гледачот), и најверојатно го одредуваат начинот на кој јас гледам и ги доживувам сите нив.

А, веројатно и начинот на кој Вие ги гледате и ги доживувате.

А сепак, тоа се луѓе – мои пријатели, со свои животи и занимања, сите фотографирани со нивна изречна дозвола пролетта 2009 година... Документарна фотографија.

Драги Неделчевски, јуни 2009 година





Документарната фотографија е дел од мојата професионална работа.
Во изминативе 8 години голем број мои фотографии снимени во Тетово и поширокиот регион се најдоа на страниците на повеќе дневни и неделни весници во Македонија.
За жал, најчесто тоа беа фотографии на несакани настани: убиства, криминал, вооружени престрелки, сообраќајки, пожари, човечки несреќи, трагедии...
Многу поретко имав можност да ги фотографирам убавите моменти од животот: среќата, смеата, радоста на луѓето...

Размислувајќи за ова почнав да се прашувам -
Значи ли тоа дека лошите работи се пофотогенични?... или почесто се случуваат?... или пак можеби се поинтересни за читателот односно гледачот?... или пак...

На овие прашања неможам и незнам целосно да одговорам.
Можеби дел од одговорот (но, само дел) лежи во овие 20 мои фотографии.
Фотографии кои зборуваат за тагата на овчарот Сафет по неговите овци кои му ги отепа гром, за неизвесноста на луѓето на кои пожарот им го пеплоса домот, за беспомошниот човек од село Требош сред поплавеното поле, за тетовската депонија... Но тие зборуваат и за погледот на мојата пријателка Борка на прославата на Водици, за гордоста на нашите писатели на промоцијата на книги, за радоста на децата што и во Тетово дојде Дедо Марз, па макар и на едно коњче наместо на елени, за прославата на тетексовите навивачи...

Документарната фотографија е фотографија за приказни од вистинити настани кои се случиле и биле забележани со фотографскиот апарат. Овие се моите дваесет приказни

Зоран Андонов, јуни 2009 година.



Душко Кузмановски – универзален мајстор



Зоран Бојаџиески – механотроничар



Виолета Веселиноска – акушерка



Костадин Димиќ – снимател



Opo



Tara



Водици



Поплава

Драги **НЕДЕЛЧЕВСКИ**

Ангелче Стевановски – пензионер
Андриана Ефкоска – сопственик на бутик
Валентина Пауновска – стилист
Веселинка Костова – професор по пијано
Виолета Веселиноска – акушерка
Гоце Симоноски – музички продуцент
Дарко Ковачовски – режисер
Душко Кузмановски – универзален мајстор
Елизабета Тушева – радиоводител
Зоран Бојаџиески – механотроничар
Ибрахим Есати – вулканизер
Јовица Станковски – директор на галерија
Кирило Ѓорѓевски – клисар
Костадин Димиќ – сниматель
Куштрим Арифи – графички дизајнер
Ленче Митевска – сликар
Мирослав Маринковски – бармен
Наташа Гечовска – секретар и архивар
Сашо Јаневски – продавач
Симеон Златев - етнолог

Зоран **АНДОНОВ**

Тага
Избори
Бездомник
Водици
Сенка
Кандидати
Контрола
Навивачи
Оро
Поплава
Пожар
Погледи
Промоција
Питачи
Сообраќајка
Зима
Депонија
Победа
Протест
Пепелиште


Chkrap!

Министерство за култура

LOJA

ArbëriaDesign
www.arberiadesign.com.mk

Изложбата е реализирана со финансиска поддршка од Министерството за култура на Република Македонија
Подготовка на изложбата: Владо М. Димоски
www.chkrap.com
www.chkrap.blogspot.com